ЕКОЛОШКО ДРУШТВО
„Т Р Е С К А"
Бр. 03-5/1
21.10.2024 год.
МАКЕДОНСКИ БРОД

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Плоштад Пресвета Богородица, бр.3
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup
Примено / E pranuar: 25-10-2024

| Орг. Един. Nj. org. | Број Numer | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 11 | 6868/1 | | |

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
7ми Септември, 4
6530 Македонски Брод

**ПРЕДМЕТ**: Забелешки и коментари по однос на Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот „ Инсталација за реупотреба, обновување и рециклирање на литиум – јонски батерии" во општина Македонски Брод

Почитувани,
Еколошкото друштво „Треска" од Македонски Брод, на презентацијата која се однесуваше на Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот „ Инсталација за реупотреба, обновување и рециклирање на литиум – јонски батерии" во општина Македонски Брод, имаше свој претставник и истиот истакна свое видување и забелешки по истата.

Но, она што сметаме дека сите ние треба да го кажеме е тоа дека од ОСОБЕНА важност е да не се дојде до реализација на овој проект од повеќе причини:

- Локацијата за реализација на овој проект е на растојание помало од 5 км од населени места, а кога се работи за литиумот знаеме и читаме колку истиот е опасен. Искрено не веруваме во фактот дека процесот е лесен и незагадувачки од причини што нема кој тоа да ни го потврди.
- Во близина на оваа локација се најдува реката Крапска река, водно тело кое ќе послужи за водоснабдување на населени места, а сигурно ќе се доведе и до загадување на подземните води, со што би се загадила и реката Треска па и најголемата вештачка акумулација во нашата држава, акумулацијата Козјак која 80 % е на наша територија;
- Сметаме дека ќе дојде до загадување и на воздухот и почвата преку користењето – согорувањето на пластиката за самоодржување на инсталацијата, а тоа ќе значи смрт на некои ендемски видови (пештерскиот лилјак) кои се јавуваат на нашиот простор, бидејќи во близина се најдува и пештерата Пешна, пештера со најголем отвор на Балканот, а во пештерските води по истражувања на француски спелеолози се најдува и посебен вид на човечка рипка
- Исто овој проект тоа негативно ќе влијае и на шумските плодови кои населението на целата општина го собира, а на некои семејства дури им е тоа и основен приход за преживување.

Нашиот крај е познат по пчеларството, најквалитетниот мед тргнува од овде, а сега да се носи литиумски отпад од целата држава, па и од цела Европа, ќе биде страшно погубно за еколошки здравата храна која се поретко ја има.

- Нашето подрачје изобилува со растителни билки и габи кои по собирањето се извезуваат во странство, што е причина плус да не дојде до овој проект.
- Знаеме дека техничко - технолошкиот развој е во подем и се повеќе ќе се создава ваков отпад , а со тоа и ние ќе станувaме се позагадена општина.
- Мора да напоменеме дека нашата општина е добитник на најголемата национална еколошка награда „Зелено јаболко" за еколошки најчиста и заштитена еколошка средина од Националната организација „Движењето на екологистите на Македонија.

Се надеваме дека нашите коментари и забелешки ќе бидат внимателно разгледани и земени во предвид во носењето на одлуката од страна на Министерството и исто така Ве молиме за одговор по истите.

Со почит,

Македонски Брод,

21.10.2024г.

Еколошко Друштво „Треска"

Претседател,

Рате Савев